„Постојат шест вида дела и четири типа на луѓе. Две дела се задолжителни, едно дело за кое човекот ќе биде награден или казнет на ист начин, едно дело за кое ќе добие десеткратна награда, и едно дело за кое ќе добие седумстотиникратна награда

Хурејм бин Фатик, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Постојат шест вида дела и четири типа на луѓе. Две дела се задолжителни, едно дело за кое човекот ќе биде награден или казнет на ист начин, едно дело за кое ќе добие десеткратна награда, и едно дело за кое ќе добие седумстотиникратна награда. Двете задолжителни дела се: ако човек умре без да Му припишува здруженик на Аллах, ќе влезе во Џенетот; и ако умре припишувајќи Му здруженик на Аллах, ќе влезе во Џехенемот. Делото за кое ќе биде награден на ист начин е доброто дело кое човекот цврсто одлучил да го направи, ќе му биде запишано како едно добро дело. Од друга страна, ако направи лошо дело, ќе му биде запишано како едно лошо дело. Понатаму, кој ќе направи добро дело, ќе добие десеткратна награда, а кој ќе сподели на Аллаховиот пат, ќе добие седумстотиникратна награда. Што се однесува на луѓето, има луѓе на кои им е дадено на овој свет, но не и на оној; луѓе на кои им е дадено на оној свет, но не и на овој; луѓе кои се лишени од доброто и на овој и на оној свет; и луѓе на кои им е дадено и на овој и на оној свет.“

[حسن] [رواه أحمد]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известува дека постојат шест вида на дела и четири типа на луѓе. Делата се: Прво: Кој ќе умре без да Му припишува здруженик на Аллах, загарантиран му е Џенетот. Второ: Кој ќе умре припишувајќи Му на Аллах, истоветен загарантиран му е Џехенемот, каде ќе престојува вечно. Се работи за две дела кои повлекуваат награда или казна. Трето: Намера за доброто дело. Кој ќе одлучи да направи добро дело и е искрен во својата намера, така што тоа го чувствува во своето срце и Аллах ја знае таа намера, но потоа му се случи нешто и не може да го направи тоа добро дело, ќе му биде запишано како целосно добро дело. Четврто: Направеното лошо дело. Кој ќе направи лошо дело, ќе му биде запишано како едно лошо дело. Овие две се вреднуваат едно за едно, без зголемување на наградата или казната. Петто: Доброто дело кое десетократно се наградува. Кој ќе одлучи да направи добро дело и ќе го направи, ќе му биде запишано како десет добри дела.

Шесто: Доброто дело кое се наградува седумстотиникратно. Кој ќе подели садака на Аллаховиот пат, ќе му биде запишана како седумстотини добри дела. Ова е од Неговата милост и дарежливост кон Неговите робови. Што се однесува на луѓето, тие се: Првиот: Оној кој има изобилство на овој свет, но е лишен од доброто на оној свет и неговото вечно престојувалиште ќе биде Џехенемот. Тоа е богатиот неверник. Вториот: Оној кој е лишен од доброто на овој свет, но има изобилство на оној свет и неговото вечно престојувалиште ќе биде Џенетот. Тоа е сиромашниот верник. Третиот: Оној кој е лишен ид доброто на овој и на оној свет. Тоа е сиромашниот неверник. Четвртиот: Оној кој има изобилство и на овој и на оној свет. Тоа е богатиот верник.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65014